РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 01-151/1
25.01. 2024 год
ПЕХЧЕВО

# ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 година



**Подготвува:** Комисија за заштита на пациентите

**Разгледува:** Одделението за локален економски развој

**Донесува:** Совет на Општина Пехчево

ЈАНУАРИ, 2024

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) член 30 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник број 3/21), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

## ПРОГРАМА

## ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

Содржина:

1.ВОВЕД

2.МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

3.ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

-Општо целни групи и крајни корисници

4.ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

-Основни цели/приоритети

-Специфични цели/приоритети

-Одговорни сектори и одделенија

-Поврзаност со други области и сектори

## 5.ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

### 1.Проекти

-Доделување на парична помош за новороденче

-Сервис за стри лица

-Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање на деформитети

-Право на финансирчка помош и подршка на жители на општина Пехчево

-Инкулзија за деца Роми во јавните образовни установи децки градинки во Општина Пехчево

-Одбележување на светски ден на здравата храна –16 Октомври

-Обезбедување на здравствена заштита на децата во пред школска и школска возраст

-Офтолмолошки преглед за деца во децката градинка и децата основното училисте од 1,2,3, одделение

-Дејствувај за подобро орално здравје

-Лабораториски анализи: Кој ,Зошто и Што значат резултатите

-Едукативна активност за прва помош во детските градинки и основните и средни училишта

-Едукација за здравствена заштита

-Булингот не е другарство

-Социјални мрежи,сериозна закана

6.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

7. ФИНАНСИРАЊЕ

## 1.ВОВЕД

*Законски рамки според кои се подготвува Програмата:*

- Закон за локалната самоуправа;
- Закон за социјална заштита и здравствена заштита;
- Статутот на Општина Пехчево;

*Стратегиски документи:*

- Национална програма за развој на здравствената и социјална заштита

*Начела врз кои се заснова здравствената и социјалната заштита се:*

1. Здравствена ,социјална праведност и солидарност за секој поединец;
2. Давање посебна заштита на немоќни лица и лица со посебни потреби, за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа;
4. Давање посебна здравствена и социјална заштита на деца со посебни потреби;
5. Давање на посебна нега и заштита на стари и изнемоштени лица.

Со имплементацијата на законите од областа на здравствената и социјалната заштита што важат во Република Северна Македонија, Општина Пехчево изготви План и Програма, со која ќе се овозможи обезбедување социјална заштита за своите граѓани, преку поблиска комуникација, а со тоа ќе се реализираат сите побарувања, преку најразновидни форми и облици на социјални активности, според потребите на граѓаните што живеат во нашата Општина.

Со оваа Програма ќе се унапреди системот на здравствена и социјална заштита на локално ниво, а доколку има недостатоци истата ќе биде надополнета во интерес на граѓаните.

## 2.МЕТОДОЛОГИЈА И НАЧИН НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација на здравствени работници од Јавната Здравствена Установа „ Д-р Иван Георгиев“ во општина Пехчево, вработени во Подрачното Министерство за труд и социјална политика , претставниците од Советот на Општина Пехчево, директори на ОЈУДГ „7 Септември“ - Пехчево и Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево, административни службеници од Одделението за општи, правни работи и јавни дејности и Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР. Резултатите и препораките од ова истажување се имплементирани во Програмата.

## 3.ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

Целни групи опфатени со Програмата за здравствена и социјална заштита на Општина Пехчево за 2023 година:

-лица со инвалидност и попреченост;

-деца/млади без родители и родителска грижа;

-деца/млади со воспитно-социјални проблеми;

-деца/млади од еднородителски семејства;

-лица изложени на социјлен ризик;

-лица што употребуваат дроги, други психотропни супстанции и алкохол;

-лица жртви на каква било форма на насилство и трговија со луѓе;

-невработени лица, лица од различни етнички заедници;

-самохрани родители;

-стари и изнемоштени лица;

-трговија со луге ( најчеста застапена во проституцијата без оглед на полот );

Проблемите кои настануваат кај горенаведените групи на граѓани кои се како целни групи на оваа Програма, а воедно и крајни корисници можат да се решат и искоординираат преку:

-вонинституционални и институционални облици на социјална заштита;

-збринување на стари ,осамени и изнемоштени лица во домови за стари лица;

-подигнување на свеста на населението преку едукација;

-и потребите за обезбедување на здравствена и социјална заштита на деца;

## 4.ОСНОВНА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Основни начела и принципи во системот на здравствена и социјална заштита и врз кои се заснова социјалната и здравствената праведност и солидарност, е да бидат подеднакви за секој еден поединец со ставање на акцент на:

- посебна заштита на немоќни и лица со посебни потреби, за работа;

- посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа;

- деца со посебни потреби;

- стари и изнемоштени лица;

- носители на социјална заштита на Република Северна Македонија, Општина Пехчево и сите институции кои се инволвирани во целата проблематика.

Во развојот и унапредувањето на мрежата на социјални и здравствени услуги во процесот на деинституционализација и реализирање на програмите за социјална и здравствена заштита, неопходно од страна на општината е:

- да ја развива и да ја јакне соработката меѓу владините и невладините институции, што вршат работи во областа на социјалната и здравствената заштита;
- да донесува развојни програми од областа на социјалната и здравствената заштита;
- да развива сервисни услуги и форми на вонинституционална заштита, центри за дневно и повремено прифаќање на мали групни домови, развивање мрежа за згрижувачки семејства и многу други активности;
- основање јавни установи за социјална и здравствена заштита;
- развивање вонинституционални форми за социјална заштита;

- развивање социјални и здравствени програми во соработка со другите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и со невладините организации;

Општина Пехчево се стреми да ја развива и унапредува здравствената и социјалната заштита, при што на своите граѓани ќе им помогне во обезбедување на здравствена, социјална помош и услуга кога тие не се во можност самостојно да ја остварат својата здравствена и социјална сигурност.

Вредноста на оваа програма се темели врз принципите на здравствена и социјална заштита на населението и заштита на деца преку:

- давање услуги, што во најголема мера се усогласени со потребите на корисниците при што се почитуваат законите на здравствена и социјална заштита и законите за човековите права и достоинство;

- обезбедување услови и услуги за да може граѓаните приоритетно да ги задоволуваат своите потреби во средината во која живеат, на локално ниво;

Здравствената и социјалната заштита како дејност од јавен интерес се од големо значење за граѓаните на Република Северна Македонија, бидејќи со неа се формира системот на политички мерки и активности со кои треба да се спречат и надминат речиси сите социјални ризици на кои се изложени граѓанините. Темел на социјалната заштита и здравствената заштита е навремена ,ефективна и транспарентна здравствена и социјална заштита со квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на граѓаните на општина Пехчево.

Целта на програмата е реализација на активности за заштита на децата, правото на секое дете да се вклучи во институционален облик на воспитно-образовната работа, притоа задоволувајќи ги нивните развојни потреби, потребите на семејството и општеството во целина.

Реализирањето на Програмата ќе се спроведе со низа активности од различни области во рамките на социјалната, здравствената и детската заштита, одредени во Програмата.

*Специфични цели/приоритети*

- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање и во донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување нови видови социјални и здравствени услуги во согласност со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно доставување;
- Продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита;
- Посета на сите деца од предучилишна возраст во јавна установа во најблиската околина;
- Развивање свест за општествена одговорност кај децата преку здобиени основни знаења, вештини и навики активно вклучувајки ги во општествениот живот, развивање смисла на естетските вредности, градење правилен однос кон животната средина;
- Да се стремиме за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, преку стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали;
- Развивање на капацитетите на децата преку детско воспитание и образование, пред сѐ, раководејќи се според принципите на Програмата за рано учење и развој;
- Подготовка на детето со цел да му се овозмози самостојно да го искаже своето мислење околу неговите културни ,еколошки,креативни способности кои мисли дека ги поседува, а сепак да се ипочитува и мислењето на стручните кадри кои можат да му укажат каде може да се пронајде во изборот на неговото образование;
- Почитување и вреднување на трудот на стручните тимови што работат на унапредување на квалитетот, како на згрижувачката, така и на воспитно-образовната работа со децата;

*Одговорни сектори и одделенија*

- Одделение за општи, правни работи и јавни дејности;
- Одделение за Локален економски развој;
- Одделение за финансиски прашања;

## 5.ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

*Проекти:*

1. **Доделување на парична помош за новороденче и првородено дете во календарската година – седства предвидени во буџетот на Општина Пехчево за 2024 година;**

**Опис на активноста:** Во рамките на своите активности Општина Пехчево оваа година овозможи реализација на остварувањето на правото за користење парична помош за новороденче и првородено дете во календарската година. Паричната помош изнесува 5.000 денари за новородено дете и 6.000 денари за првородено дете во календарската година.

Барањето за користење на оваа помош и потребната документација се поднесуваат во архивата на Општина Пехчево.

Право на доделување парична помош се остварува за секое новороденче и за секое првородно дете во календарската година.

Со ова продолжува позитивниот тренд, секое семејство што ќе добие принова и го исполнува критериумот да се жители на Општина Пехчево, да добие парична помош за новороденче. Со оваа активност Општина

Пехчево покажува дека се грижи за најмладите жители и им дава првична поддршка на родителите. На овој начин не само што се помагаат семејствата со принова, туку Општината добива и евиденција за новородените деца на нејзина територија на годишно ниво. Со оглед на фактот дека оваа активност се реализираше и во претходните неколку години, може да се утврди и дали постои тренд на пораст или на намалување на бројот на новородени деца во локалната самоуправа. Исто така, увидот во бројот на новородени деца на годишно ниво е од голема придобивка и за детските градинки на територијата на Општината бидејќи на тој начин и тие може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.

**Целни групи:** Родителите и нивните новородени деца;

**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2024 година;

**Реализација:** Одделение за финансиски прашања и Одделението за општи, правни работи и јавни дејности;

**Очекувани резултати:**

- исплатена парична помош за младите семејства што имаат нов член или членови во семејството;
- евиденција на новородени деца во Општина Пехчево на годишно ниво;
- детските градинки што се на територија на Општина Пехчево ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година;

**Буџет: 100.000,00 денари**

## 2. Помош и нега на стари и изнемоштени лица

**Опис на активноста:** Според статистиката дека во Општина Пехчево поголем број од населението се граѓани на возраст над 60 години, разбирлива е и потребата на Општината да реализира активности што конкретно ќе се од корист на оваа популација на граѓани.

Во согласност со активностите предвидени во Националната стратегијата за стари лица, потребно е да се обезбеди континуирана грижа за стари лица во следниве сегменти:

- Дневно одржување на лична хигиена и хигиена на домот во кој живат старите лица;
- Чистење на просторот каде живее лицето, миење на прибор за јадење , хигиена на постелнината за спиење , хранење на болниот доклку тоа е потребно и снабдување на потребните лекови кои негуваните лица ги користат;
- Дневно опслужување на основните потреби на овие граѓани;
- Апликирање на лекови преку уста, капки, креми, облози, гелови;
- Обезбедување примарна медицинска помош и медицински совети, декубити, мерење на гликемија, мерење на виталните знаци ( плус , крвен притисок и дишење );
- Едукативни предавања кои ќе им бидат од корист на старите и изнемоштени лица и лица со хронични болести од типот на: дијабет, покачен крвен притисок, тромбоза, хоб, срцева слабост;

Многубројните теренски истражувања покажаа дека има огромна потреба од реализирање на оваа активност, а во согласност со тоа и побарувачка за негуватели за стари лица во домашни услови од семејствата во Општина Пехчево, земајќи ги во предвит и околните села. Главни предизвици со кои секојдневно се соочуваат старите лица се: неможност да ги извршат секојдневните активности поради старост, неподвижност и болест, влошена здравствена состојба и немање асистенција при посета на лекар, немање помош и поддршка при снабдување на основните прехранбени производи, немање средства за ангажирање негувател во домашни услови и сл.

Имајќи ги предвид сите овие информации и ситуацијата во која се наоѓаат старите лица, Општина Пехчево им нуди помош и поддршка на најзагрозените лица со предвиден проект „Грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови", финансиран преку Министерството за труд и социјална политика и Општина Пехчево, за да се

опфатат стари лица/корисници на кои тоа навистина им е потребно (станува збор за променлива бројка заради специфичноста на категоријата корисници) што би ги добивале следниве услуги:

- помош во извршувањето на секојдневните активности (купување, подготовка на храна, одржување на просторот, лична хигиена, кај изнемоштените стари лица ќе се врши и утринска и делумна тоалета);
- обезбедување основна помош во мобилност, лесни масажи,.физички вежби, раздвижување
- задачи од медицински аспект (носење на здравствени прегледи, контрола на крвниот притисок, набавка на лекови и водење грижа за навремено земање на терапијата);
- психосоцијална поддршка (помош во исполнувањето на социјални, културни, забавни и други потреби, одржување социјални контакти и соодветни активности во локалната заедница);

Со проектот се планира ангажирање на следниов персонал: 15 обучени негователи и еден физиотерапевт. Во тимот ќе биде вклучен и социјален работник што ќе води евиденција за досиејата на сите корисници и ќе биде задолжен за подготвување индивидуален план за работа на негувателите.

Работното време на негователите ќе биде организирано од понеделник до сабота само во прва смена и најдоцна до 16 часот. Предвидено е секој неговател во текот на денот да оствари посета на тројца корисници кај кои ќе биде по два часа. Секој корисник ќе биде посетен по трипати во неделата по два часа.

Во рамките на проектот предвидено е да биде вклучен и физиотерапевт што остварува посети кај корисниците (во согласност со нивните потреби и состојбата во која се наоѓаат) два пати во неделата по еден час ,во договор со корисникот. Физиотерапевт ќе добијат само оние корисници што имаат потреба од тоа, според лекарски наод и со потврда од социјалниот работник дека на терен има реална потреба за тоа. Дали корисникот ќе има потреба од неговател и физиоетрапевт во исто време, заклучокот ќе го донесе лекарот, во зависност од здравствената состојба на пациентот. Тоа може да се одлучи според приоритетните потреби

**Целни групи:**

- невработени лица што се здобиле со сертификат за неговател во домашни услови;
- стари лица што се опфатени со проектот и нивните семејства како крајни корисници;

**Очекувани резултати:** Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење;

**Време на реализација:** Континуирано во текот на цела година;

**Реализатор:** Одделение за финансиски прашања, Одделение за општи, правни работи и јавни дејности;

**Буџет: 100.000,00 денари**

## 3. Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево

**Опис на активноста:** Остварувањето на ова право на финансиска помош е регулирано со Правилникот за постапката за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево, со кој се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење финансиски средства што се наменети за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево, кои се предвидени во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, кои се нашле во акутен социјален ризик.

За утврдување на постапката и остварување на правото на финансиска помош и поддршка, надлежна е Комисијата за заштита на пациентите при Советот на Општината.

Право на користење на овие финансиски средства имаат физички лица што се жители на Општина Пехчево, кои припаѓаат на социјално загрозените групи, а ги исполнуваат следниве критериуми:

- за здравствен проблем лицето треба да достави доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето;

- за помош при лекување заедно со барањето се доставува уредна документација што не е постара од шест (6) месеци;

- за помош на еднородителски семејства во социјален ризик треба да се достави (во зависност од ситуацијата): извод од Матична книга на родените, извод од Матична книга на умрените - за родител, доказ од Министерството за внатрешни работи дека родителот е исчезнат и/или доказ од Министерството за правда дека лицето издржува затворска казна подолго од шест (6) месеци;

и притоа да ги исполнува доленаведените услови:

- подносителот на барањето да има адреса на живеење во Општина Пехчево;

- подносителот на барањето може да го оствари правото на финансиска помош и поддршка само еднаш во текот на календарската година.

Распределбата на финансиските средства се одвива на квартално ниво, почитувајќи го принципот на солидарност, во зависност од расположливите средства во Буџетот за кварталниот период. Притоа, максималниот износ што може да го одобри Комисијата за заштита на пациентите (надлежна за разгледување на овие пристигнати барања), и Советот на Општина Пехчево, по одобрено барање, нема да биде повисок од 50% од вкупната вредност на направените трошоци во денари.

**Целни групи:**

- корисници на социјална парична помош што се со постојано живеалиште на територија на Општина Пехчево;
- жители на Општината со влошен социјален статус;
- жители на Општината што имаат влошена или загрозувачка здравствена состојба;

**Период на реализација:** Во текот на цела календарска година;

**Реализатор:** Комисијата за заштита на пациентите, Одделение за општи, правни работи и јавни дејности, Одделение за финансиски прашања;

**Буџет: 300.000,00 денари**

## 4. Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детски градинки во Општина Пехчево

**Опис на активноста:** Станува збор за проект што се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика, детските градиники во нашиот случај ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево и општините, односно Општина Пехчево, а се однесува на инклузија на деца Роми .

Целта на проектот е подобрување и поддршка на интеграцијата и намалување на запоставеноста на децата Роми со зголемување на нивниот број во јавните општински установи една година пред поаѓање во основно училиште.

Имајќи ја предвид важноста на процесот на интеграција на децата во образовниот систем и неговото влијание врз нивниот личен и социјален развој, Општина Пехчево ќе се вклучи во проектот преку покривање на трошоците за партиципација за престој на дечиња ( Роми ) во детската градинка.

Предвидено е овој проект да се спроведува во детската градинка ОЈУДГ „7 Септември" - во Општина Пехчево и во 2024 година со него ќе бидат опфатени 20 деца од ромска националност што се жители на Општината.

**Целна група:** Максимум 20 деца од Ромска националност што се жители на Општина Пехчево;

**Очекувани резултати:** Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование;

**Реализатор:** Министерството за труд и социјална политика, Општина Пехчево ( Одделението за општи, правни работи и јавни дејности и Одделението за финансиски прашања ), ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево;

**Период на реализација:** Во континуитет во текот на 2024 година;

**Буџет: 50.000,00 денари**

## 5. Одбележување на светскиот ден на здравата храна – 16 Октомври

- **Опис на активноста:** Светскиот ден на храната е меѓународен ден за акција против гладот што на 16 октомври се одбележува секаде низ светот, при што се реализираат различни активности со кои се развива свеста за значењето на храната, како природен извор на енергија и здравје.

Ако се земе предвид придобивката од консумирањето здрава храна и од формирањето здрави навики уште од најмали нозе, цел на овој настан е информирање и стекнување знаења и формирање соодветно однесување во однос на здравите и правилните навики во исхраната, особено кај децата и кај младите, а со тоа индиректно и кај пошироката популација.

Со разновидни креативни активности и работилници за предучилишна возраст, цела недела во октомври од страна на децата и вработните во детската градинка ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево, ќе се одбележува Светскиот ден на здравата храна, а на самиот ден ќе се презентираат реализираните креативните активности

преку веб и фан-страницата на Општината. Исто така лице од здравствен дом Пехчево ќе одржи едукативни предавања за тоа што е здрава храна и колку е таа значајна за нашето здравје.

**Целни групи:** Децата од детската градинка „7 Септември“ – Пехчево;

**Очекувани резултати:** Децата од предучилишна возраст учат и се информираат што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здравите навки во исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето; особено да се уочи придобивката од консумирањето здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво.

**Период на реализација:** Октомври 2024 година.

**Буџет**: **0,00 денари**

**6. Обезбедување на здравствена заштита на децата во предшколска и школска возраст**

**Основна цел на оваа активност** е одржувањето на постојана контрола на психичкиот, физичкиот и менталниот развој на децата од овие возрасти преку систематски прегледи од страна на стручни кадри од областа на нивната специјалност и тоа :

- офтолмолошки преглед;
- ортопедски преглед;
- стоматолошки преглед;
- лабораториски преглед;

Пожелно е преку овие стручни кадри да се направи и една едукација на децата која ќе биде подготвена и прилагодлива за нивната возраст, а со тоа ќе се појасни која е вредноста на нивното здравје и на кој начин е потребно да се негува истото. Дополнителна едукацијата кај оваа група на деца од страна психолозите и педагози е многу значајна затоа што преку таквите едукации ќе може да се допре до психичкиот развој на децата

се со цел да се заштитат истите од емоционална криза, психолошки стрес, психосоцијален стрес, животни трауми, фрустрации на конфликт, булинг, мобинг, дискриминација ( полова, расна, сексуална орјентација, социјална, религиозна и дискриминација според успехот) . Исто така од големо значење е посетата на децата од предшколска возраст од страна на логопед за навремено откривање на проблемите со говорот. Ангажирањето на дефектолог за децата со атипичен развој е исто така од големо значење за потребата од професионален пристап кон оваа група на деца, бидејки нивната професионалност има друг пристап за менаџирање на настава и контакт со овие деца.

**Целни групи:** Децата од предшколската и школската возраст ( градинка,основно и средно училиште во општина Пехчево ).

**Очекувани резултати**: Навремено откривање на било кој здравствен, психолошки и ментален проблем кај децата и навреме одпочнување со третман и лекување.

**Реализатор:** ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Општина Пехчево.

**Период на реализација:** Во континуитет

### *6.1. Офталмолошки преглед за деца во детска градинка и за децата од прво, второ и третто одделение*

Специјалистички офталмолошки преглед треба да се направи пред детето да тргне во училиште затоа што е особено важно навременото детектирање и коригирање на проблемите со видот бидејќи тоа може да му влијае врз физичкиот и интелектуалниот развој во учењето, во приспособувањето во училиште, како и во спортско-рекреативните активности. Специјалистичкиот очен преглед е особено важен за децата бидејќи за олеснето учење потребни се следниве вештини поврзани со видот:

- Добар вид на близина и далечина;
- Просторна координација;
- Способност правилно да се движат и да се фокусираат очите;
- Координација око - рака.

Особено е важно рано да се уочат проблемите со видот и други болести поврзани со окото кај децата бидејќи навреме ќе се превенира и решава секој постоечки проблем, а со тоа ќе се овозможи полесно совладување и вклопување на секое дете во наставата.

**Целни групи:** Децата од детскта градинка ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево и дел на децата од прво, второ и третто одделение од ООУ „Ванчо Китанов" - Пехчево.

**Очекувани резултати:** Децата во ОЈУДГ „7 Сепември" – Пехчево ќе бидат прегледани во текот на престојот во градинката барем еднаш годишно. И пред да тргнат во училиште со што ќе добијат потврди за запишување во училиште, а овие прегледи ќе претставуваат и олеснување за родителите од финансиски аспект.

**Реализатор:** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности и ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев" – Пехчево.

**Период на реализација:** Почетокот на учебната година и второто полугодие од учебната година ( двапати годишно).

**Буџет: 0,00 денари**

### *6.2 Дејствувај за подобри орално здравје*

Оралното здравје или „Здравата уста" е од суштинско значење за да се задржи правилното функционирање на организмот и севкупното здравје и квалитет на животот.

Оралното здравје претставува здравје на оралните ткива и на ткивата што се поврзани со нив и овозможува лицето да ги извршува сите функции без никакви знаци на болест, непријатности или пречки. Со стоматолошката заштита се спречува настанување на орални заболувања или прогресија на веќе постојните заболувања на оралните ткива.

Основна цел на посветувањето на оралното здравје, е да се подигне свеста, како и да се поттикнат семејството и заедницата да преземат мерки за намалување на штетните последици што ги предизвикуваат оралните болести. Преку оваа активност децата ќе научат како правилно се четкаат забите, како се одржува оралната хигиена и колку е важно оралното здравје. Особено е важна грижата за оралното здравје во најрана возраст, кога се усвојуваат навиките. Оралните болести претставуваат проблем за децата и влијаат врз квалитетот на нивниот живот и целокупното здравје. Оралното здравје е многу повеќе од убава насмевка.

**Целни групи:** Децата од детската градинка ОЈУДГ „7 Септември"во Општина Пехчево.

**Очекувани резултати:** Децата ќе научат што значи хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и стекнување знаења за здравите и правилните навики.

**Реализатор:** Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР и ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев“ – Пехчево.

**Период на реализација**: Во континуитет.

**Буџет: 0,00 денари**

### *6.3 Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање деформитети*

Редовните прегледи уште од најрана возраст имаат големо значење за раното откривање на деформитет.

Популацијата од најмала возраст, па се до 18 години најчесто се соочува со деформитети на стапалото, колкот и рбетот. Годишно се прават околу 7.000 прегледи на деца, некаде од 500 до 800 неделно што е една прилично голема бројка која што укажува на превенцијата на детската возраст во периодот на нивниот развој. Од сите овие деформитети за околу 10% од нив најчесто се вршат оперативни зафати на Клиниката за ортопедија во клиничкиот центар за да тие деформитети се корегираат. Годишно во Клиниката за ортопедски болести, како што информира, се прават околу 160 операции кај мали деца.

**Целни групи:** Децата од детската градинка ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и децата од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево ( учениците од прво одделение).

**Очекуванин резултати:** Навремено откривање и превинирање на деформитетите кај децата.

**Реализатор:** ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев“ – Пехчево и Општина Пехчево.

**Период на реализација:** На почетокот на учебната година.

**Буџет: 60.000,00 денари**

**6.4 Лабораторски анализи**

Кои, зошто и што значат резултатите?

Причини за барање на одредена лабораториска анализа:

1. Дијагноза;

2. Мониторирање (на пример следење на одредена терапија);

3. Скрининг;

4. Научно-истражување (за да ги разбереме патофизиолошките процеси на одредено заболување);

**Целна група:** Децата од ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов" - Пехчево и дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски" од Берово во Пехчево.

**Очекувани резултати:** Навремено откривање односно дијагностицирање, мониторирање и превенирање на болеста доколку ја има.

**Реализација:** ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев" – Пехчево.

**Период на реализација:** На почетокот на учебната година.

**Буџет: 0,00 денари**

7. **Едукативни активности за прва помош на вработените во ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчевои дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски“ од Берово во Пехчево**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Берово се со цел, наставниците, воспитувачките, негувателките, и другиот стручен кадар во детската градинка ,основното и дисперзираните паралелки на средното училиште да се здобие со знаења и вештини за соодветно и навремено постапување во ургентни ситуации, односно давање прва помош, пред сè, на децата. Обуката ќе даде осврт на предавањата и на практичните вежби на релевантни теми, на пример, реанимација, згрижување при задушување, повреди на главата, грчеви, алергиски реакции и труења.

Со овој проект ќе се зајакне капацитетот на градинката, основното и дисперзираните паралелки на средното училиште, како една од првите алки во синџирот на ургентна медицина - да постапуваат адекватно во ургентни ситуации. Главна цел на активноста е учесникот да стекне знаења, вештини и компетенции за примена на основните техники при давање прва помош за да се зачува животот на повреденото лице преку отстранување на причината што може да доведе до смрт (престанок на дишењето, престанок на работата на срцето, крвавење, состојба на изгубена свест, состојба на шок, повреди на тврди и меки ткива, труење), да се спречат можни компликации, да се намалат болката и стравот и да се подобри општата состојба на повредениот, се додека истиот не биде прифатен до моментот на стручен медицински тим .

**Целни групи:** Вработените во детската градинка, основното и дисперзираните паралелки на средното училиште во Пехчево.

**Очекувани резултати:** Стекнати искуства, знаења и вештини за давање прва помош и постапување во ургентни ситуации, овозможена поголема безбедност на децата во детските градинки, интервенирање навреме и спасување живот.

**Реализатор:** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности, Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, Црвен крст на Општина Берово.

**Период на реализација:** Континуирано.

**Буџет: 0,00 денари**

**8. Едукација за здравствена заштита**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Берово, со цел децата да се здобијат со знаења во врска со здравствената заштита. Главна цел на овој проект е децата уште од најрана возраст да стекнат навики за важноста на личната хигиена, како да се заштитат за време на пандемија и друго. Целта е запознавање со здравствената заштита уште од најрана возраст, како и подигнување на свеста на семејствата и заедницата за важноста на здравствената заштита.

**Целни групи:** децата од детската градинки во Општина Пехчево.

**Очекувани резултати:** Со оваа активност децата ќе научат што е значи хигиена, поголема информираност на децата за здравствената заштита.

**Реализатор:** Одделение за општи правни работи и јавни дејнсоти, Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животнта средина и ЛЕР, Црвен крст на Општина Берово.

**Период на реализација:** Во континуитет.

**Буџет: 0,00 денари**

**9 „Булинг не е другарство“**

Булингот како негативно искуство треба и мора да се препознае во вистинско време, со цел да се преземат мерки и активности со кои би се заштитиле децата од натамошни непријатни искуства и доживувања што го попречуваат развојот на детето во стабилна и успешна личност.

Проектот „Булингот не е другарство“ се состои од неколку фази:

**Прва фаза:** Изработка на платформа за препознавање на булингот и поставување на протокол и мерки за спречување на оваа појава, изработка на прирачници наменети за учениците во основните училишта: „Како да го препознаам булингот“, „Како против булингот“.

**Втора фаза:** Претставување на прирачникот од психолози и педагози (преку часови што би се одржувале на платформата за далечинско учење);

**Трета фаза:** Преку ликовни или литературни творби на тема „Стоп Булинг“ децата да ги искажуваат своите ставови и мислења за спречување на булингот (фаза во која ќе учествуваат педагози и психолози);

**Четврта фаза:** Изработка на флаери и постери;

**Целни групи:** Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево,7,8,9 одделение.

**Очекувани резултати:** Намалување на врсничкото насилство (физичко или психичко);

**Реализатор :** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности при Општина Пехчево, психологот, педагогот од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи

**Период на реализација:** Октомври-Јуни 2024 година

**Буџет: 5.000,00 денари**

**10.Закана од социјалните мрежи**

Целокупната ситуација во која се наоѓаме поради пандемијата и ограничувањата при социјалната интеракција на младите, мора да ја согледаме опасноста што постои од прекумерна употреба на социјалните мрежи.. Преку зголемување на свесноста кај децата мора да работиме на заштитата од злоупотреба на личните податоци, личните фотографии и видеа.

Овој проект ќе биде раководен од педагогот и психологот во ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево, а ќе се организираат и предавања од експерти за оваа област.

Првиот дел од проектот ќе биде насочен кон тоа како секој ученик да се заштити себеси, што смее и што не смее да се објавува на социјалните мрежи, препознавање на злоупотребата, а вториот дел од проектот ќе се насочи кон тоа како да се постапи при злоупотреба и кои мерки треба да се преземат.

**Целни групи:** Учениците од ООУ „Ванчо Китанов" - Пехчево

**Очекувани резултати:** Подигната свесноста кај децата за опасноста од социјалните мрежи и начини за нивна заштита.

**Реализатор:** Одделение за општи правни работи и јавни дејности, педагогот и психологот од ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево и социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи.

**Буџет: 5.000,00 денари**

**11. Подигање на свеста за имунизација кај новородените деца од април 2023 до април 2024 година**

Оваа активност се реализира веќе 10 години во соработка со НВО КХАМ Делчево. Заеднички се посетуваат семејствата на новородени деца од април 2023 до април 2024 година заедно со патронажна сестра од Здравствениот дом „Д – р Иван Георгиев" – Пехчево при што се работи на подигање на свеста за позитивните ефекти од имунизацијата кај новородените деца.

**Целни групи:** Децата родени од април 2023 година до април 2024 година.

**Очекувани резултати:** Подигната јавната свест кај населението за позитивните ефекти од имунизацијата на децата.

**Реализатор:** Општина Пехчево – Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР и НВО КХАМ – Делчево ( сега Организација жена – Делчево ).

**Буџет: 20.000,00 денари**

## 6.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. Инклузија на сите деца во предучилишниот образовен процес;
2. Унапреден систем за социјална и здравствена заштита на локално ниво;
3. Инклузија на граѓаните од ранливите категории;
4. Услуги достапни за граѓаните од ранливите категории на локално ниво;
5. Еднакви можности за сите социјални категории;
6. Безбедна средина за учење и дружење;

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ

| Реден број | Марки/Активности | Очекувани резултати | Надлежни институции | Временска рамка | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Доделување на парична помош за новороденче и прворoдено дете во календарската година – седства предвидени во буџетот на Општина Пехчево за 2024 година | Исплатена парична помош за младите семејства што имаат нов член или членови во семејството;<br><br>Евиденција на новородени деца во Општина Пехчево на годишно ниво; | Општина Пехчево | 2024 | 100.000,00 ден. | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Детските градинки што се на територија на Општина Пехчево ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година; | | | | |
| 2. | Помош и нега на стари и изнемоштени лица | Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење; | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Агенција за вработување | 2024 | 100.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика |
| 3. | Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево | Подобри услови за квалитетен живот за жителите на Општина Пехчево | Општина Пехчево<br><br>Совет на Општина Пехчево<br><br>Комисија за заштита на пациентите | 2024 | 300.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 4. | Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детски градинки во Општина Пехчево | Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование; | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево | 2024 | 50.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Министерство за труд и социјална политика | | | Министерство за труд и социјална политика |
| 5. | Одбележување на светскиот ден на здравата храна – 16 Октомври | Децата од предучилишна возраст учат и се информираат што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здравите навки во исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето; особено да се уочи придобивката од консумирањето здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво. | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево | Октомври 2024 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево |
| 6. | Обезбедување на здравствена заштита на децата во предшколска и школска возраст | Навремено откривање на било кој здравствен, психолошки и ментален проблем кај децата и навреме одлочнување со третман и лекување. | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево,<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи<br><br>Општина Пехчево. | Во континитет 2023 | / | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево |
| 6.1 | Офталмолошки преглед за | Децата во ОЈУДГ | Општина | Почетокот на | 0,00 денари | Општина |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | деца во детска градинка и за децата од прво, второ и третто одделение | „7 Сепември" – Пехчево ќе бидат прегледани во текот на престојот во градинката барем еднаш годишно. И пред да тргнат во училиште со што ќе добијат потврди за запишување во училиште, а овие прегледи ќе претставуваат и олеснување за родителите од финансиски аспект | Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево | учебната година и второто полугодие од учебната година (двапати годишно). | | Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево |
| 6.2 | Дејствувај за подобри орално здравје | Децата ќе научат што значи хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и стекнување знаења за здравите и правилните навики. | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево | Во континуитет 2024 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.3 | Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање деформитети | Навремено откривање и превинирање на деформитетите кај децата. | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево | На почетокот на учебната година 2024 | 60.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево |
| 6.4 | Лаборатоиски анализи | Навремено откривање односно дијагностицирање, мониторирање и превенирање на болеста доколку ја има. | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево | На почетокот на учебната година 2024 | 0,00 денари | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев" - Пехчево |
| 7. | Едукативни активности за прва помош на вработените во ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчевои дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски" од Берово во Пехчево | Стекнати искуства, знаења и вештини за давање прва помош и постапување во ургентни ситуации, овозможена поголема безбедност на децата во детските градинки, интервенирање навреме и спасување живот. | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово | Континуирано во 2024 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово |
| 8. | Едукација за здравствена заштита | Со оваа активност децата ќе научат што е значи хигиена, поголема информираност | Општина Пехчево | Континуирано во 2024 година | 0,00 денари | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на децата за здравствената заштита. | Црвен крст на Општина Берово | | | Црвен крст на Општина Берово |
| 9. | „Булинг не е другарство" | Намалување на врсничкото насилство (физичко или психичко); | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | Октомври – јуни 2024 година | 5.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 10. | Закана од социјалните мрежи | Подигната свесноста кај децата за опасноста од социјалните мрежи и начини за нивна заштита. | Општина Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | Континиурано 2024 | 5.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 11. | Подигање на свеста за имунозација кај новородените деца од април 2023 до април 2024 | Подигната јавната свест кај населението за позитивните ефекти од имунизацијата на децата. | Општина Пехчево<br><br>НВО КХАМ Делчево сега (Организација жена - Пехчево ) | Април 2024 | 20.000,00 денари | Општина Пехчево |
| | | | ВКУПНО: | | | 640.000,00 |

Финансирањето на активностите утврдени со Програмата во износ од **640.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година и финансиски средства обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2024 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Пехчево.

Број 01-151/1

Датум 25.01.2024

Совет на Општина Пехчево

Претседател

Виолета Ѓорѓиевска

В. Ѓорѓиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Изработил:

Помлад соработник во ЛЕР

Елица Јовевска